# ПДД-АДП/КД

Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

** Пополнува Управата за јавни приходи*

Датум и број на прием

# АКОНТАТИВНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА
## за остварени приходи од капитална добивка

## 1. Податоци за обврзникот

1.1. Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)

1.2. Број на пасош, датум и земја на издавање

број на пасош | д д м м г г г г датум на издавање | земја на издавање

1.3. Име и презиме

1.4. Адресни податоци

улица ... број

населено место ... општина

телефон ... телефакс

е-пошта

## 2. Вид на капитална добивка/загуба

2.1. Вид на капитална добивка/загуба

- ☐ капитална добивка од продажба на хартии од вредност
- ☐ капитална загуба од продажба на хартии од вредност
- ☐ добивка од продажба на удел во капитал
- ☐ добивка од продажба на недвижен имот

## 3. Капитална добивка/загуба од продажба на хартии од вредност

3.1. Вид на хартијата од вредност

опис на видот на хартијата од вредност

3.2. Назив и седиште на издавачот на хартијата од вредност

3.3. Место на продажбата

3.4. Податоци за продажбата на хартиите од вредност

д д м м г г г г

Датум на продажба

Единечна продажна цена (денари) | Број на продадени хартии | Вкупна продажна цена (денари)

3.5. Податоци за набавката на хартиите од вредност

| Датум на набавка | Единечна цена (денари) | Број на набавени хартии | Вкупна набавна цена (денари) |
|---|---|---|---|
| д д м м г г г г | | | |
| д д м м г г г г | | | |
| д д м м г г г г | | | |
| д д м м г г г г | | | |
| д д м м г г г г | | | |

## 4. Капитална добивка од продажба на учество (удел) во капитал

**4.1. Правно лице од кое се продава учеството (уделот) во капиталот**

Единствен даночен број

Назив на правното лице

Седиште на правното лице

**4.2. Големина на учеството (уделот)** %

**4.3. Податоци за продажбата на учеството (уделот) во капиталот**

Број на договор

д д м м г г г г

Датум на продажба

Продажна цена (денари)

**4.4. Податоци за набавката на учеството (уделот) / вложувањето на средствата**

| | |
|---|---|
| д д м м г г г г<br>Датум на набавка/извршено вложување | Набавна цена/износ на вложување (денари) |
| д д м м г г г г<br>Датум на набавка/извршено вложување | Набавна цена/износ на вложување (денари) |
| д д м м г г г г<br>Датум на набавка/извршено вложување | Набавна цена/износ на вложување (денари) |
| д д м м г г г г<br>Датум на набавка/извршено вложување | Набавна цена/износ на вложување (денари) |
| д д м м г г г г<br>Датум на набавка/извршено вложување | Набавна цена/износ на вложување (денари) |

## 5. Капитална добивка од продажба на недвижен имот

**5.1. Вид на недвижен имот**

Опис на видот на недвижниот имот

**5.2. Адресни податоци**

улица/викано место ............ број/број на К.П.

поштенски број ............ населено место

општина/катастарска општина

**5.3. Податоци за продажбата на недвижниот имот**

Број на договор

д д м м г г г г

Датум на продажба

Продажна цена (денари)

**5.4. Податоци за набавката на недвижниот имот**

| | |
|---|---|
| д д м м г г г г<br>Датум на набавка на имот | Набавна (куповна) цена на имотот (денари) |
| д д м м г г г г<br>Датум на извршено инвестиционо вложување | Вредност на инвестицијата (денари) |
| д д м м г г г г<br>Датум на извршено инвестиционо вложување | Вредност на инвестицијата (денари) |
| д д м м г г г г<br>Датум на извршено инвестиционо вложување | Вредност на инвестицијата (денари) |
| | Издатоци за инвестиционо одржување (денари) |
| | Платен данок на промет на недвижности (денари) |

# ПДД-АДП/КД

## Податоци за поднесување

| | |
|---|---|
| Место на поднесување | |
| Датум на поднесување | д д м м г г г г |
| Потпис на обврзникот | |
| Прилози | |

## Податоци за приемот и обработката

** Пополнува Управата за јавни приходи*

| | | |
|---|---|---|
| Примено на ден | д д м м г г г г | м.п. |
| под број | | |
| Забелешка | | |
| Потпис на овластеното лице | | |
| Обработено на ден | д д м м г г г г | |
| Потпис на обработувачот | | |

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Врз основа на член 71 и 73 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на РМ" бр. 80/93...171/10), Аконтативната даночна пријава за остварени приходи од капитална добивка ја поднесуваат обврзниците на персоналниот данок на доход кои остваруваат капитални добивки од продажба на хартии од вредност, учество во капитал (удел) и недвижен имот.

Ако обврзникот остварува капитална добивка од продажба на различни по вид хартии од вредност, учество во капиталот или недвижен имот, потребно е за секој од нив да поднесе посебна Аконтативна даночна пријава.

Аконтативната даночна пријава се поднесува во рок од 15 дена од денот на остварување на капиталната добивка до Управата за јавни приходи на чија територија се наоѓа живеалиштето на обврзникот.

Врз основа на член 144-а став 1 точка 1 од ЗПДД, на даночниот обврзник за сторен прекршок ќе му се изрече глоба во износ од 500 до 1000 евра во денарска противвредност, ако не поднесе Аконтативна даночна пријава.

Пред да ја пополните Аконтативна даночна пријава, прочитајте го Уаството за пополнување.

## УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

### 1. Податоци за обврзникот

**1.1. Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ)**
Впишете го Единствениот матичен број на граѓанинот - лицето кое остварило капитална добивка.
**пр.** *2904564550201*

**1.2. Број на пасош, датум и земја на издавање**
Ако лицето не е жител на Република Македонија и нема ЕМБГ, впишете го бројот на пасошот, датумот на издавање и државата.
**пр.** *554009; 17.08.1949; Република Словенија*

**1.3. Име и презиме**
Впишете го името и презимето на обврзникот.
**пр.** *Стојан Митревски*

**1.4. Адресни податоци**
Наведете ја полната адреса (улица, број, поштенски број, населено место и е-пошта) на која Управата за јавни приходи ќе ви доставува писма, известувања и решенија. Броевите на телефонот/телефаксот впишете ги заедно со карактеристичниот број на градот.
**пр.** *Антон Панов бр. 13*
*с. Арачиново,*
*1000 Скопје*
*02/3120-452*

## 2. Вид на капитална добивка/загуба

**2.1. Вид на капитална добивка/загуба**
Означете ги соодветните полиња со “x”, во зависност од тоа дали пријавувате капитална добивка/ загуба од продажба на хартии од вредност, удел во капитал или недвижен имот.
Со една пријава можете да пријавите по една капитална добивка од наведените видови.
Доколку сте оствариле повеќе капитални добивки од ист вид, пополнете соодветен број пријави.

**пр.** *Ако пријавувате капитална добивка од продажба на удел во капитал, означете вака:*
☒ добивка од продажба на удел во капитал

## 3. Капитална добивка/загуба од продажба на хартии од вредност

**3.1. Вид на хартијата од вредност**
Внесете опис на видот на хартијата од вредност што сте ја продале.

**пр.** *обврзници*

**3.2. Назив и седиште на издавачот на хартии од вредност**
Впишете ги називот и седиштето на издавачот на хартијата од вредност.

**пр.** *АД Цементарница “УСЈЕ”,Скопје*

**3.3. Место на продажбата**
Впишете го местото на кое е извршена продажбата на хартиите од вредност.

**пр.** *Македонска берза на хартии од вредност*

**3.4. Податоци за продажбата на хартиите од вредност**
Впишете ги датумот кога е извршена продажбата, единечната продажна цена, бројот на продадените хартии од вредност и вкупната цена на продадените хартии од вредност.

**пр.** *29.04.2010 година*
*200 денари/акција*
*40 акции, 8000 денари*

**3.5. Податоци за набавка на хартиите од вредност**
Впишете ги датумот кога е извршена набавката, единечната набавна цена, бројот на набавените хартии од вредност и вкупната цена на набавените хартии од вредност.
Ако хартиите од вредност што се продадени биле набавувани во различно време, за секоја набавка пополнете ги податоците според времето кога е вршена. Ако се набавувани во повеќе од 5 наврати, бараните податоци за набавките наведете ги на посебен лист.

**пр.** *11.05.2000 година*
*70 денари/акција*
*20 акции, 1400 денари*
*31.08.2000 година*
*80 денари/акција*
*20 акции, 1600 денари*

## 4. Капитална добивка од продажба на учество (удел) во капитал

**4.1. Правно лице од кое се продава учеството (уделот) во капиталот**
Впишете го Единствениот даночен број, називот и седиштето на правното лице од кое се продава учеството (уделот) во капиталот.

**пр.** *403099511 2455*
*Марко-комерц ДОО Скопје*

**4.2. Големина на учеството (уделот) во проценти**
Впишете ја големината на учеството (уделот) што се продава, во проценти (без децимали).

**пр.** *42%*

**4.3. Податоци за продажбата на учеството (уделот) во капиталот**
Впишете го бројот на договорот за купопродажба на учеството (уделот), датумот кога е извршена продажбата и продажната цена на учеството (уделот) во капиталот.

**пр.** *04-985/99*
*13.06.2010 година*
*5.000.000 денари*

**4.4. Податоци за набавката на учеството (уделот) во капиталот**
Впишете ги датумот кога е извршена набавката, односно кога е извршено вложувањето во капиталот и набавната цена односно износот на вложените средства.
Ако учеството (уделот) во капиталот што е продаден бил набавуван, односно создаван со вложување на средства во различно време, за секоја набавка/вложување пополнете ги податоците според времето кога се вршени. Ако набавките/вложувањата се вршени во повеќе од 5 наврати, бараните податоци наведете ги на посебен лист.

**пр.** *10.11.1990 година*
*1.500.000 денари*

**пр.** *15.10.1990 година*
*500.000 денари*
*18.07.1995 година*
*1.000.000 денари*

## 5. Капитална добивка од продажба на недвижен имот

**5.1. Вид на недвижен имот**
Внесете опис на видот на продадениот недвижен имот.

**пр.** *стан во стамбена зграда*

**5.2. Адресни податоци**
Впишете ја адресата на која се наоѓа имотот.

**пр.** *Партизански одреди 71*
*1000 Скопје, Центар*

**5.3. Податоци за продажбата на недвижниот имот**
Впишете го бројот на договорот за купопродажба на имотот, датумот кога е извршена продажбата и продажната цена на имотот.

**пр.** *04-985/99*
*13.06.2010 година*
*3.200.000 денари*

**5.4. Податоци за набавката на недвижниот имот**
Впишете ги датумот кога е извршена набавката на недвижниот имот и набавната (куповната) цена.
Доколку во недвижниот имот е инвестирано (делумна или целосна реконструкција, доградба, надградба или сл.), внесете го датумот на инвестирањето и износот на вложените средства. Ако во објектот е инвестирано повеќе пати, пополнете ги податоците според времето кога се вршени инвестициите. Ако е инвестирано повеќе од 3 пати, бараните податоци приложете ги на посебен лист.
Исто така, наведете го износот на трошоците за одржување, како и данокот на промет на недвижности платен при продажбата на имотот.

**пр.** *10.11.1991 година*
*1.500.000 денари*

**пр.** *15.10.1993 година*
*20.000 денари*
*18.07.1995 година*
*60.000 денари*

**пр.** *80.000 денари (одржување)*
*96.000 денари (данок)*

## Податоци за поднесување

Во оваа рубрика впишете ги местото и датумот на пополнување на Пријавата. Исто така, задолжително потпишете ја Пријавата со што ја потврдувате точноста и комплетноста на наведените податоци.

Наведете ги документите што ги доставувате во прилог кон пријавата: купопродажен договор, документација за извршените вложувања и сл.

## * Објаснување за скратените називи кои се употребени во образецот

**ЕМБГ** - Единствен матичен број на граѓанинот
**ПДД** - Персонален данок на доход
**ПДД-АДП/КД** - Аконтативна даночна пријава за остварени приходи од капитална добивка
**ЗПДД** - Закон за персоналниот данок на доход
**КП** - Катастарска парцела